**СРЕДНО ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**„МИХАЈЛО ПУПИН“ - СКОПЈЕ**

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

**СКОПЈЕ**

**Август 2022 година**

## Изјава на училиштето за Мисија/Визија

**Изјава за мисија**: Ние сме средина секогаш отворена за креирање и создавање. Користејќи современа образовна технологија вршиме оспособување на кадри способни да одговорат на современите професионални предизвици. Ученикот е центар на нашите заложби.

**Мото на училиштето:** Ученикот е центар на нашите заложби!

**Изјава за визија**: Да станеме моќно Електротехничко училиште во Република Северна Македонија, познато и признато во регионот и во Европа со висококвалитетно образование преку:

- Усовршените форми за работа со учениците;
- Перманентно следење, развивање и надградување на постојните и учество во изработка на нови наставни планови и програми;
- Соработка со работните и образовните институции;
- Средина со здрава клима;
- Средина со актуелна училишна култура;
- Организација со широк спектар на вонинституционални форми на работа;
- Преквалификации, доквалификации и усовршување на кадри;
- Образовни и производни активности;
- Обука на кадри;
- Меѓународна соработка со исти и слични организации;
- Работа на проекти;
- Размена на искуства.

## 1. Вовед

Програмата за развој е клучниот документ со кој се креира иднината на едно училиште. Таа е документ во функција на обезбедување квалитет во наставата. Имајќи во вид дека, училиштето како правен субјект, не е единка туку е дел од од образовниот систем на Република Северна Македонија, јасно е дека програмата за развој треба силно да кореспондира со образовната политика, која нужно мора да биде дефинирана на ниво на системот за образование.

Проблемот се јавува кога ќе се констатира дека на ниво на образовниот систем на Република Северна Македонија, не можат да се препознаат јасни образовни политики кои упатуваат на конкретни цели и активности во кои училиштата лесно би се препознале и активно би се вклучиле кон нивно остварување, давајќи сопствен придонес со креативни идеи.

Во една ваква состојба се поставува прашањето: Како содржински да се изработи програмата за развој на училиштето?

Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин"-Скопје, верува во можноста состојбите во образованието да се сменат и подобрат. За ова да го покаже и докаже го избра пристапот кој подразбира дека во процесот на изработка на програмски документи на ниво на училиште ќе бидат влкучени сите креативни човечки ресурси кои ги имаме на располагање. При тоа,се креира тимски начин на работа во кој секој поединец на тимот е свесен дека се работи на сериозни и значајни документи, пред се имајќи во вид дека станува збор за документи кои се изработуваат со крајна цел - обезбедување квалитет на воспитно-образовниот процес во нашето училиште. Заеднички е ставот на развојниот тим дека, да се изготвува Програма за развој на стручно училиште, особено на стручно училиште кое работи во деменот на секторот електротехника, е сериозна задача и секако многу, многу голем предизвик на кој мора квалитетно да се одговори.

Изработката на Програма за развој на училиштето, што го носи името Средно елктротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин"-Скопје е чин на кој Развојниот тим на училиштето работи со посебна посветеност. Посебната посветеност произлегува од нашата свест за важноста и значајноста на овој документ, од одговорноста кон идните генерации, но и од почитта кон традицијата и улогата на ова училиште во создавањето на квалитетни стручни кадри.

Секако, за визионерскиот пристап кој го бара документот со наслов Програма за развој на училиштето, не обврзува и името

Михајло Пупин. Тоа е името на патроните на нашето училиште Со верба дека прашањето на квалитетот на образованието во Република Северна Македонија ќе биде сериозно ставено на дневен ред и истото ќе биде стручно разгледувано од институции со компетентни луѓе во нив, подготвени за сериозни анализи на актуелните неповолни состојби. Во таа насока овој наш документ го сметаме како наш придонес за подобрување на кавалиетот на стручното образование, но и на образовниот систем на Република Северна Македонија во целина

## 2. Цели на училиштето

Свесни за одговорноста која ни е дадена, како и за тежината на мисијата која ја треба да ја реализираме, ние како дел од образовниот систем на Република Северна Македонија, како средно стручно училиште имаме дефинирано јасна генерална цел:

„Да воспитуваме и образуваме млади луѓе подготвени за и насочени кон успешна професионална кариера како и создавање личности кои ќе бидат професионално реализирани и слободни.“

Во системот на средното стручно образование СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" како воспитно-образовна институција на учениците им нуди можност за добивање на стручна квалификација од електротехничката струка. Во училиштето се реализираат наставни планови и програми во образовни профили/квалификации со тригодишно и образовни профили/квалификации со четиригодишно траење на образованието.

Со добиената квалификација учениците добиваат можност да се појават на пазарот на трудот (учениците од образовните профили со тригодишно и четригодишно траење на образованието); да се појават на пазарот на трудот или да го продолжат своето образование на еден од универзитетите во Република Македонија или надвор од земјата. (учениците од образовните профили со четиригодишно траење на образованието)

- Со актуелната поставеност на средното стручно образование и обука СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин“, во насока на остварување на генералната цел, пред себе има поставено приоритети, кои на нашите ученици им нудат воспитно-образовен процес преку кој:
- ќе можат истовремено да ги развиваат своите способности, својата личност, творештво и талентираност;
- ќе можат да се образуваат до она ниво што го посакуваат и имаат способност да стигнат;
- ќе бидат подготвени како конструктивни и демократски граѓани одговорни за личното и општественото, за толерантноста, за мирот и меѓусебното разбирање;
- ќе бидат подготвени за иницијативност и креативност и за брзо и соодветно реагирање на промените;
- ќе бидат стручно подготвени да се вклучат на работа во соодветни фирми и одговорно ќе ги вршат своите задачи согласно на нивната улога на извршители или непосредни раководители;

- ќе бидат оспособени да ги согледуваат можностите на пазарот на трудот и одговорно да донесуваат одлуки за основање на сопствена фирма;
- ќе се здобијат со диплома за образовни профили со четиригодишно траење на образованието, електротехничари и за образовни профили со тригодишно траење на образованието, електричари – електромонтер на електроенергетски мрежи и електромеханичар. Зад секоја диплома да стојат знаења, умеења и вештини кои ќе гарантираат висока компетентност.

СЕТУ на Град Скопје "МихаилоПупин" како воспитно-образовна установа во сегментот на електротехничката струка ги има и следниве посебни задачи:

- да организира и реализира перманентен воспитно-образовен процес за повеќе образовни профили/квалификации и нивоа на стручна подготовка од електротехничката струка;
- да учествува во истражување за образовните и кадровските потреби и во профилирањето на стручните кадри што ги подготвува;
- да организира семинари, курсеви, трибини, работилници и други форми за обука и усовршување на својот персонал;
- со свои предлози и сугестии да учествува во изготвувањето на предлог-програмите и плановите за заедничките и посебните воспитно образовни содржини за струката и образовните профили за кои подготвува кадри;
- да организира стручно-развојна дејност за следење и унапредување на воспитно образовната работа како и за професионално информирање и насочување на учениците;
- да учествува во стручното усовршување на раководниот и наставниот кадар и другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес во организација на самото Училиште, Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието и други стручни институции;
- Да воспоставува соработка со слични институции од земјата и надвор од неа со цел размена на искуства, професори и ученици;
- Со цел да се олесни користење и комуникација со достапните научни достигнувања да се воведе втор странски јазик ( Германски)
- Да се отвори нов образовен профил кој претставува новина во стручните училишта и потреба на пазарот на труд ( Мултимедија)
- Да се подигне нивото на постоечките профили посебно профилот електромеханичар.
- Дисперзни производни енергетски единици од обновливи извори на енергија

- Подобрување на инфраструктурата во училиштето и училишниот двор
- Да се вклучува-аплицира за учество во проекти во рамките на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Со цел да одговори на потребите на општествената заедница, во училиштето за сите оние кои сакаат да го дооформат своето образование, да го надоградат или да се здобијат со уверение за стручно оспособување се организираат обуки и полагање на вонредни испити. За сите оние граѓани кои сакаат да се стекнат со свидетелство за завршено постсредно (специјалистичко) образование за профили од електротехничка струка за кои училиштето има верификација, се организираат консултативни наставни активности и полагање на испити.

Образованието за возрасните како потсистем во рамките на глобалниот едукативен систем е присутно во работата и во размислувањата во СЕТУ на Град Скопје "МихајлоПупин" .

Со цел подигање на квалитетот на продуцираните кадри, училиштето настојува директно да се вклучи на пазарот. Целта е да се создадат услови за активно следење на актуелните пазарни закономерности. Но исто така и да се обезбеди начин на кој постојано ќе се биде во тек со технолошките новини во електротехничката струка., Да се излезе на пазарот на трудот со нудење на услуги од страна на училипштето во делот на електротехничката струка.

Крајната цел е во СЕТУ на Град Скопје "Михаило Пупин"-Скопје да се продуцираат кадри во секторот електротехника, кои ќе бидат препознатливи на пазарот на трудот по својот стручен квалитет, изграден однос кон обврските, подготвеност за тимска работа како и со своите способности и желба за постојано сопствено надградување.

## 3. Законска основаност на Програмата за развој

При изработката на Програмата за развој на училиштето земени се во предвид следниве документи:

- Самоевалуација спроведена од страна на училишниот тим-комисија во соработка со Бирото за развој на образованието и ЦСОО;
- Стручната помош од БРО;
- Препораки од Нацрт извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на ДПИ;
- Стручна помош од Државниот испитен центар

Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето ги доставува до Државниот испитен центар

Секако дека при изработката на програмата земени се оние документи кои реално постојат.

## 3. Стратешки цели во програмата за разој

За приодот 2022 - 2026 година, Разојниот тим, врз основа на наведените документи, ги дефинира следниве стратешки цели:

**1. Осовременување на реализацијата на наставата;**

**2. Следење на пазарот на трудот со воведување на нови образовни профили;**

**3. Зголемување на енергетската ефикасност.**

**Стратешка цел 1. Осовременување на реализацијата на наставата**

**Чекор 1 - Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до развојни цели**

| Каде сме сега?<br>Самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>Развоен план на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1. Да се подобри успехот на учениците.<br>2. Да се подобри примената на интерактивни методи на работа во рамки на наставата.<br>3. Да се подобри индивидуалната и индивидуализираната настава со ученици на кои тоа им е потребно.<br>4. Да се подобри редовноста на учениците на  додатна и дополнителна настава.<br>5. Да се ефектуираат планирањата и реализацијата на додатната и дополнителната настава и воннаставните активности.<br>6. Да се изнајдат форми и методи за зголемување на интересот на учениците за наставните содржини и воннаставни активности во училиштето.<br>7. Активно да се користат расположливите технички средства, лабораториите во наставата.<br>8. Да се водат ученички портфолија.<br>9. Да се зголеми доверба во сопственото знаење и способности на учениците,<br>10. Да се организираат обуки за наставниот кадар и стручната служба со цел да се зголеми квалитетот на наставата.<br>11. Да се продолжи и продлабочи соработката со надлежните институции, локалната заедница и бизнис секторот и да се обезбеди континуираност на поврзаноста на наставата со пазарот на трудот.<br>12. Да се организира меѓународна размена на ученици и наставници со цел да се врши размена на искуства.<br>13. Да се осовремени инвентарот и опремата во лабораториите во училиштето.<br>14. Да се преземат активности за поголема афирмација на училиштето за одредени квалификации.<br>15. Да се реализира кабинетска настава за користење на расположивите просторни и технички ресурси, а воедно постигање на подобри резултати на учениците. | 1. Осовременување на реализацијата на наставата |

**Чекор 2: Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| 1. Осовременување на реализацијата на наставата | 1.1. Организирање на обуки за осовременување на реализацијата на наставата. |
| | 1.2. Осовременување на лабораториите во училиштето. |
| | 1.3 Водење на ученички портфолија за континуирано следење на напредокот на учениците. |

**Развојна цел: 1. Организирање на обуки за осовременување на реализацијата на наставата**

| Задачи | Активности | Одговорен | Временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 1.1.1. Да се истражи интересот за приоритетни видови обуки на наставниот кадар и стручната служба. | 1. Изработка на листа со обуки од интерес на струката.<br>2. Изработка на листа со обуки за современи интерактивни методи и техники.<br>3. Изработка на листа со обуки за работа со ученици со посебни потреби.<br>4. Изработка на листа со обуки за работа со талентирани и надарени ученици.<br>5. Анкетирање на наставниот кадар и стручната служба за интерес за видови обуки.<br>6. Обработка на прибраните податоци од анкетите. | Наташа Божиновска, Сандра Ивановска, Димитар Ѓорѓиев | 2022-2026 | Изработени листи за обуки.<br><br>Извештај од спроведени анкети. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7. Дефинирање и истакнување на приоритетни обуки. | | | |
| 1.1.2. Да се организираат обуки на наставниот кадар и стручната служба согласно | 1. Утврдување на материјалните и технички средства потребни за реализирање на дефинираните обуки.<br>2. Дефинирање на стручни лица предложени од компании/центри за обука, кои ќе ги реализираат договорените содржини.<br>3. Следење на реализацијата на договорените активности.<br>4. Планирање и изведување на дисеминација за обуките кои не се следени од целокупниот кадар. | Наташа Божиновска, Сандра Ивановска, Димитар Ѓорѓиев | 2022-2026 | Организира на најмалку една обука<br><br>Листа за присуство на обука |
| 1.1.3. Да се реализира меѓународна соработка за размена на искуства, обуки и размена на наставниот кадар и учениците. | 1. Аплицирање на меѓународни проекти.<br>2. Изработка на листа одобрени меѓународни проекти.<br>3. Потпишување на меморандуми за соработка со меѓународни партнери.<br>4. Дефинирање на календар на активности со меѓународните партнери.<br>5. Изработка на критериуми за селекција на учесници на проектите.<br>6. Селекција на учесници за проектите. | Наташа Божиновска, Сандра Ивановска, Димитар Ѓорѓиев | 2022-2026 | Потпишан најмалку еден меморандум за соработка<br><br>Листа на селектирани учесници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 7. Реализација на проектите.<br>8. Дисеминација на проектите. | | | Извештај од дисеминација |

**Развојна цел:** 2. Осовременување на лабораториите во училиштето.

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 2.1. Да се истражат потребите за осовременување на инвентарот и опремата во училишните лаборатории | 1. Анализирање на наставните програми за дефинирање на потребниот инвентар и опрема во лабораториите во училиштето.<br>2. Доставување на барања од предметните наставници до претседателите на активи.<br>3. Разгледување на барањата од страна на активите.<br>4. Доставување на конечните барања до раководството на училиштето. | Лидија Буровска<br>Анита Мијовска<br>Кирил Крстевски<br>Слободана Димковска | 2022-2026 | Доставени барања до раководството на училиштето |
| 2.2. Да се изработи техничка документација за потребниот инвентар и опрема во лабораториите | 1. Формирање тимови за изработка на техничка документација за потребната опрема за лабораториите<br>2. Истражување на техничките карактеристики на потребните елементи (опрема и инвентар) кои треба да сеинсталираат<br>3. Да се изготват нацрт планови за изведба на лабораториите<br>4. Да се изработи спецификација на потребните елементи кои треба да се инсталирааат | Лидија Буровска<br>Анита Мијовска<br>Кирил Крстевски<br>Слободана Димковска | 2022-2026 | Изготвен нацрт план за изведба на лабораторији<br><br>Спецификација на потребни елементи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3. Да се реализира јавнанабавка за потребниот инвентар и опрема во лабораториите | 1. Донесување одлука за распишување јавна набавка<br>2. Поднесување тендерска документација<br>3. Објавување оглас за јавна набавка<br>4. Прибирање понуди<br>5. Евалуирање на понудите од страна на комисијата<br>6. Спроведување е-аукција<br>7. Изготвување предлог за најповолна понуда<br>8. Донесување одлука за спроведената јавна набавка<br>9. Набавување на инвентарот и опремата | Димитар Ѓорѓиев<br>Марија Јакимовска<br>Членови на комисија | 2022-2026 | Објавен оглас за јавна набавка<br><br>Склучен договор за јавна набавка |
| 2.4. Да се монтира набавената опрема и инвентар во лабораториите | 1. Ангажирање на фирма за инсталирање на опремата и инвентарот.<br>2. Вршење проверка на карактеристиките и својствата како и функционирањето на опремата, од страна на училишните тимови<br>3. Ставање во функција на лабораториите | Димитар Ѓорѓиев<br>Лидија Буровска<br>Анита Мијовска<br>Кирил Крстевски<br>Слободана Димковска | 2022-2026 | Опремена најмалку една лабораторија |

**Развојна цел:** **3 Водење на ученички портфолија за континуирано следење на напредокот на учениците.**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорен** | **временска рамка** | **Критериум за успех** |
|---|---|---|---|---|
| 3.1. Да се изработат ученички портфолија | 1. Формирање тим за изработка на ученичките портфолија<br>2. Осмислување на содржината и изгледот на ученичките портфолија<br>3. Изработување на формулар за ученичко портфолио<br>4. Обучување на професорите за пополнување и водење на ученички портфолија<br>5. Редовно следење на постапките за архивирање и ажурирање на ученичките портфолија | Сандра Ивановска<br>Стручна Служба<br>Маја Миневска<br>Наташа Божиновска | 2022-2026 | Изработен формулар за ученичко портфолио |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. Да се изврши дигитализација на ученичките портфолија | 1. Формирање тим за изработка на дигитални ученички портфолија<br>2. Осмислување на содржината и изгледот на дигиталните ученички портфолија<br>3. Изработување на дигиталниот формулар за ученичко портфолио<br>4. Обучување на наставниците за дигитално пополнување и водење на ученичките портфолија | Поликсена Митева<br>Дијана Трајковска<br>Сенад Сејфиќ | 2022-2026 | Изработен дигитален формулар за електронско портфолио |
| 3.3 Да се изврши евалуација на водењето на ученичките портфолија | 1. Редовно следење на водењето и пополнувањето на ученичките портфолија со цел:<br>• Подобрување на успехот на учениците.<br>• Подобрување на примената на интерактивни методи на работа во рамки на наставата.<br>• Подобрување на индивидуалната и индивидуализираната настава со ученици на кои тоа им епотребно.<br>• Зголемување на довербата во сопственото знаење и способности на учениците,<br>• Подобрување на редовноста на учениците на додатна и дополнителна настава. | Сандра Ивановска<br>Стручна Служба | 2022-2026 | Извештај од евалуација за водење на портфолија |

**Стратешка цел 2 Следење на пазарот на трудот со воведување на нови образовни профили**
**Чекор1-Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до развојни цели**

| Каде сме сега?<br><br>Самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br><br>Развоен план на училиштето – стратешка цел |
|---|---|
| 1. Да се продолжи со инвестициите за подобрување на условите за наставата и учењето<br><br>2. Да се продолжи и продлабочи соработката со социјалните партнери и професионалната ориентација<br><br>3. Да се опремат кабинетите за реализација на наставата по стручни предмети<br><br>4. Да се организира меѓународна размена на ученици и наставници со цел да се врши размена на искуства.<br><br>5. Да се организираат обуки за стручно усовршување според интересите и потребите на наставниците;<br><br>6. Да се посетат други училишта и поголема соработка со локална средина<br><br>7. Да се организираат обуки за практични вежби по стручните предмети во соработка со компании;<br><br>8. Да се превземат  активности за поголема афирмација на училиштето<br><br>9. Да се изнајдат форми и методи за зголемување на интересот на учениците за нови наставни содржини | Инвестиции за подобрување на постоечките и креирање на нов образовен профил |

| | |
|---|---|
| 10. Да се подобри интересот за уписот на ученици во прва година, како во зголемување на вкупниот број, така и на подигање на успехот со кој се запишуваат.<br><br>11. Да се продолжи и продлабочи соработката со надлежните институции, локалната заедница и бизнис секторот и да се обезбеди континуираност на поврзаноста на наставата со пазарот на трудот. | |

**Стратешка цел 2 - Следење на пазарот на трудот со воведување на нови образовни профили**

**Развојна цел 1:Отворање на образовен профил мултимедија ( медиски техничар )**

| Задачи | Активности | Одговорен | Временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 Да се истражат потребите на пазарот на трудот | • Изготвување прашалник за анкетирање на наставниците за ефектите од воведување на нов образовен профил<br>• Спроведување анкета помеѓу вработените<br>• Интервјуирање на претставници од локалната заедница, медиумски куќи, маркетинг агенции, стопански субјекти, соработка со Агенција за вработување<br>• Анализирање на резултатите од спроведената анкета и интервју<br>• Презентирање на резултатите од спроведената анкета и интервју на Наставнички совет | Димитар Ѓорѓиев Стручна Служба Ангелка Андрески | 2022-2026 | Спроведена анкета и интервју<br>Спроведена анализа на резултатите<br>Изведена презентација на резултатите |
| 1.2 Да се истражи интересот за профил | 6. Изготвување прашалник за анкетирање на учениците и родителите од основните училишта<br>7. Спроведување анкета помеѓу учениците и родителите во основните училишта<br>8. Интервјуирање на избрана група ученици од нашето училиште<br>9. Анализирање на резултатите од спроведената анкета и интервју<br>10. Презентирање на резултатите од спроведената анкета и интервју на Наставнички совет | Димитар Ѓорѓиев Стручна Служба Ангелка Андрески | 2022-2026 | Спроведена анкета и интервју<br>Спроведена анализа на резултатите<br>Изведена презентација на резултатите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1.3 Да се изработи наставен план и програми | 5. Консултирање на претседателите на стручни активи за формирање на тимот од СЕТУГС “Михајло Пупин”<br>6. Формирање на заеднички тимови од училиштето и стопанските субјекти<br>7. Утврдување на содржините кои треба да се вградат во наставните програми за потребите на бизнис партнерите<br>8. Изготвување на предлог наставна програма во функција на потребите на бизнис партнерите<br>9. Обезбедување мислење од ЦСОО, МОН и БРО за изготвените предлог наставни програми | Димитар Ѓорѓиев<br>Стручна Служба<br>Ангелка Андрески<br>Наташа Божиновска<br>Сандра Ивановска | 2022-2026 | Изготвена предлог програма<br>Обезбедување на мислење од ЦСОО, МОН или БРО |
| 1.4 Да се спроведат активности за наставен кадар | 1. Изготвување на функционална анализа<br>2. Реализирање на систематизација<br>3. Обучување на наставен кадар | Силвија Николовска<br>Марија Јакимовска<br>Димитар Ѓорѓиев | 2022-2026 | Изготвена анализа<br>Спроведена систематизација<br>Извршена обука |
| 1.5 Да се реализира јавна набавка за потребниот инвентар и опрема во лабораториите | 4. Изработување на елаборат за изведба на лабораторија<br>5. Донесување одлука за распишување јавна набавка<br>6. Поднесување тендерска документација<br>7. Објавување оглас за јавна набавка<br>8. Прибирање понуди<br>9. Евалуирање на понудите од страна на комисијата<br>10. Спроведување е-аукција<br>11. Изготвување предлог за најповолна понуда<br>12. Донесување одлука за спроведената јавна набавка<br>13. Набавување на инвентарот и опремата | Димитар Ѓорѓиев<br>Марија Јакимовска<br>Членови на комисија за ЈН | 2022-2026 | Изработен елаборат<br>Реализирана јавна набавка<br>Набавен инвентар и опрема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.6 Да се изведат инфраструктурни потреби за реализација на наставата во новиот профил | 1. Изведување и оспособување на инфраструктура за потребите на кабинетот по мултимедија<br>2. Монтирање на опрема за изведување на лабораториски вежби по предметите согласно наставните планови и програми<br>3. Соработување со мултимедиумски центри со цел реализација на модулот Учење преку работа кај работодавач | Стручни лица од областа( Надворешни и стручни лица од вработените) Нарташа Божиновска | 2022-2026 | Оспособен кабинет Реализирана соработка со мултимедиумски центри |
| 1.7 Да се зголеми користењето на кабинтот за други наставни и вонанаставни активности | 16. Формирање на тим од наставници од стручните активи за утврдување на можност за користење на кабинетот за други наставни програми и воннаставни активности<br>17. Анализирање на можностите на користење на кабинетот за други наставни програми и воннаставни активности<br>18. Селектирање наставни програми и воннаставни активности<br>10. Изработување елаборати за вежби<br>11. Реализирање на лабораториски вежби | Наташа Божиновска Сандра Ивановска Стручни активи | 2022-2026 | Изработени елаборати Реализирани лабораториски вежби |

**Развојна цел 2: Воведување на втор странски јазик ( германски јазик ) во дуалните паралелки**

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 Да се истражат потребите на пазарот на трудот | 1. Изготвување прашалник за анкетирање на наставниците за ефектите од воведување на втор странски јазик<br>2. Спроведување на анкета<br>3. Интервјуирање ( ЕВН, стопански субјекти )<br>4. Анализирање на резултатите од спроведената анкета и интервју<br>5. Презентирање на резултатите од спроведената анкета и интервју на Наставнички совет<br>6. Соработување со Амбасадата на Р. Германија во Р.С. Македонија | Димитар Ѓорѓиев Стручна Служба Ангелка Андрески Наташа Божиновска Сандра Ивановска | 2022-2026 | Изработен прашалник Спроведена анкета и интервју Анализирани и презентирани резултати Остварена соработка со амбасада |
| 2.2 Да се истражи интересот за изучување на германскиот јазик во основните училишта | 1. Изготвување прашалник за анкетирање на учениците во основните училишта<br>2. Спроведување на анкета во основните училишта<br>3. Анализирање на резултатите од спроведената анкета и интервју<br>4. Презентирање на резултатите од спроведената анкета и интервју на Наставнички совет<br>5. Соработување со центри за странски јазици | Димитар Ѓорѓиев Стручна Служба Ангелка Андрески Наташа Божиновска Сандра Ивановска | 2022-2026 | Изготвен прашалник Спроведена анкета и интервју Анализирани и презентирани резултати Остварена соработка со центри за странски јазици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3 Да се имплементираат постоечки наставни планови и програми во дуалните паралелки | 1. Обезбедување мислење од ЦСОО, МОН и БРО за имплементирање на наставната програма во функција на потребите на бизнис партнерите | Димитар Ѓорѓиев<br>Наташа Божиновска<br>Сандра Ивановска | 2022-2026 | Обезбедено мислење од ЦСОО, МОН или БРО |

**Стратешка цел 3. Зголемување на Енергетска Ефикасност**

| Каде сме сега?<br><br>Самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br><br>Развоен план на училиштето - стратешкацел |
|---|---|
| 1. Да се прошири опсегот на вонннаставни активности од областа на енергетска ефикасност.<br>2. Да се работи на продлабочувања на знаењата прекуистражувања и проекти.<br>3. Активно да се користат расположливите технички средства, лабораториите и работилниците за поквалитетно реализирање на наставата во областа на енергетска ефикасност.<br>4. Да се осовремени кабинетот за реализација на наставата за енергетска ефикасност<br>5. Да се зголеми доверба во сопственото знаење испособности на учениците преку обуки и предавања за развивање на свеста за зелена енергија.<br>6. Да се формираат нови секции во областа на енергетска ефикасност и веќе постоечките да работат поактивно, поинтезивно и подинамично.<br>7. Да се изгради атмосфера каде учениците можат слободно да ги истакнуваат своите ставови и мислења.<br>8. Да се прошири производство на зелена енергија од обновливи извори на енергија<br>9. Да се создаде соработка со фирми од областа на енергетска ефикасност на објекти кои би прифакале ученици за учење преку работа кај работодавач и практична настава.<br>10. Да се продолжи и продлабочи соработката со надлежните институции, локалната заедница и бизнис секторот и да се обезбеди континуираност наповрзаноста на наставата со пазарот на трудот.<br>11. Да се продолжи и прошири меѓународната соработка со сродни училишта од регионот во областа на енергетска ефикасност. | 3. Развивање на еко свест и размислување кај учениците |

**Чекор 1 : Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| 3. Развивање претприемничко размислување и свест кај учениците за енергетска ефикасност | 3.1. Развивање на свеста на учениците за енергетска ефикасност |
| | 3.2. Проширување на капацитетот на фотоволтаичната централа |
| | 3.3. Вградување на сончеви колектори за греење на санитарна вода |
| | 3.4 Замена на електричната инсталација во енергетски ефикасно осветлување |
| | 3.5 Замена на стари прозорци со енергетско ефикасни ПВЦ прозорци |
| | 3.6 Изработка на проект ЕКО летниковец |
| | 3.7 Изработка на летна ЕКО училница |

### 3 Зголемување на Енергетска ефикасност

**Развојна цел 1:** Развивање на свеста на учениците за енергетска ефикасност

| Задачи | Активности | Одговорен | Временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.1. Да се прошири опсегот на воннаставни активности за заштеда на електрична енергија | 1. Организирање на едукативни предавања;<br>2. Изработување на проекти ;<br>3. Водење дебати и трибини;<br>4. Формирање секција за енергетска ефикасност<br>5. Реализирање на наставата за учење преку работа кај работодавач во фирми кои вршат дејност од областа на енергетска ефикасност.<br>6. Собирање искуства за слични организации од државата и надвор од неа. | Анита Мијовска<br>Ања Манчевска<br>Ангела Магдеска<br>Лидија Буровска<br>Слободанка Димковска | 2022-2026 | Изработен проект со техничка документација.<br>Програма за работа на секција за енергетска ефикасност<br>Извештај од заклучоците од реализираните предавања, дебати и трибини |

**Развојна цел 2:** Проширување на капацитетот на фотоволтаичната централа

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. Да се зголеми производниот капацитет на фотоволтаичната централа | 1. Формирање на тим зазголемување на капацитетот на фотоволтаична централа;<br>2. Правење пресметки и анализи на резултатите за придобивките од проширувањето на централата;<br>3. Изготвување техничкадокументација за проширување на фотоволтаична централа;<br>4. Реализирање на јавни набавки.<br>5. Инсталирање на опрема за проширување на централата<br>6. Поврзување со постоечкиот систем<br>7. Анализирање на годишно производство на зелена енергија споредбено со производство од конвенционални извори<br>8. Анализирање на економска исплатливост на фотоволтаична централа | Анита Мијовска<br>Ања Манчевска<br>Ангела Магдеска<br>Лидија Буровска<br>Слободанка Димковска | 2022-2026 | Зголемен произведен капацитет за минимум 30 % |

**Развојна цел 3:** Вградување на сончеви колектори за загревање на санитарна вода

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.3. Да се загрева санитарна вода за интерни потреби на училиштето | 1. Формирање на тим за сончеви колектори за загревање на санитарна вода;<br>2. Истражување на можностите за поставување на соодветно најблиско место на потрошувачка<br>3. Изготвување на техничка документација за вградување на сончеви колектори за греење на санитарна вода;<br>4. Реализирање на јавни набавки;<br>5. Инсталирање на опрема;<br>6. Поврзување на постоечки систем;<br>7. Биланс на заштедата на годишно ниво<br>8. Анализирање на економска исплатливост на фотоволтаичниот систем за загревање на санитарна вода | Анита Мијовска<br>Ања Манчевска<br>Ангела Магдеска<br>Лидија Буровска<br>Слободанка Димковска | 2022-2026 | Извештај од биланс за заштеда на електрична енергија |

**Развојна цел 4:** Заменување на електричната инсталација во енергетски ефикасно осветлување

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. Да се постават ЛЕД светилки во кабинетите и просториите каде има осветлување со флуросцентни светилки | 1. Формирање на тим за замена на постоечкото осветлување во енергетски ефикасно осветлување<br>2. Изработување на електрични и монтажни шеми<br>3. Реализирање јавна набавка.<br>4. Поврзување на осветлувањето на постоечката електрична инсталација.<br>5. Анализирање на економска исплатливост на енергетско ефикасното осветление. | Бранислав Остоиќ<br>Кирил Крстевски<br>Слободанка Димковска | 2022-2026 | Извештај од анализата за економска исплатливост<br>Целосно заменети ЛЕД светилки во минимум 5 кабинети |

**Развојна цел 5:** Поставување на енергетски ефикасни прозорци

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.5. Да се заменат старите прозори од читална и дел од ходниците со ПВЦ прозорци | 1. Реализирање на јавни набавки;<br>2. Демонтирање на стари прозорци<br>3. Монтирање на ПВЦ прозорци | Димитар Ѓорѓиев<br>Марија Јакимовска<br>Ангел Ивковски | 2022-2026 | Заменети стари со нови минимум 35 ПВЦ прозорци. |

**Развојна цел 6:** Изработување на ЕКО летниковец

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.6.1. Да се постави ЕКО летниковец со фотоволтаичен покрив и користење на ЕКО енергија за полнење на електрични уреди и осветлување | 1. Формирање на тим за проектот ЕКО летниковец;<br>2. Анализирање и пресметки<br>3. Изготвување на техничка документација<br>4. Реализирање на јавни набавки<br>5. Изведување на градежни дејствија<br>6. Поставување и поврзување на електричната инсталација | Наташа Божиновска<br>Кирил Крстевски<br>Анита Мијовска<br>Ања Манчевска | 2022-2026 | Поставен ЕКО летниковец |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.6.2. Да се прошири опсегот на вонннаставни активности за заштеда на електрична енергија во ЕКО летниковец | 1. Мерење на производство на зелена енергија од ЕКО летниковецот<br>2. Анализирање и споредба на произведена енергија од конвенционални и од обновливи извори на енергија. | Наташа Божиновска<br>Кирил Крстевски<br>Анита Мијовска<br>Ања Манчевска | | Извештај од извршени мерења на производството на електрична енергија од обновлив извор |

**Развојна цел 7:** Конструирање на ЕКО училница со фотоволтаични панели за изведба на летна настава

| Задачи | Активности | Одговорен | временска рамка | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 3.7. Да се конструира ЕКО летна училница во училишниот двор. | 1. Формирање на тим за конструкција на ЕКО училница;<br>2. Анализирање и пресметки за електричната инсталација<br>3. Изработување на електрични монтажни шеми за поврзување на ЕКО училница со фотоволтаични панели за производство на зелена енергија<br>4. Изготвување техничка документација<br>5. Реализирање јавни набавки<br>6. Изведување на градежни дејствија<br>7. Поставување и поврзување на електрична инсталација. | Анита Мијовска<br>Слободанка Димковска<br>Ања Манчевска<br>Ангела Магдеска | 2022-2026 | Подигнување на свеста за користење на енергија од обновливи извори во летниковецот |

Развојната програма ја изработи Тим за развој за 2022-2026 вклучувајќи ги сите колеги и вработени со идеи за Европско стручно училиште СЕТУ „Михајло Пупин“- Скопје